**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ЈП **Бр.** 03-112/06
21.03.2007 година
**С К О П Ј Е**

# *И З В Е Ш Т А Ј*

*за работата на Јавното правобранителство на Република Македонија*
*за период од 01.01.2006 до 31.12.2006 година*

*Скопје, март 2007 година*

*I. ВОВЕД*

Јавното правобранителство на Република Македонија е основано со Законот за јавното правобранителство (Сл.весник на РМ бр.47/97), со кој се уредени организацијата, надлежностите и одредени се условите и постапката за именување и разрешување на Јавниот правобранител и неговите заменици.

Јавното правобранителство на Република Македонија, кое преставува буџетска институција, е основано како служба на Владата на Република Македонија, која презема со закон определени мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и врши и други работи утврдени со закон.

Јавното правобранителство на Република Македонија ја застапува Република Македонија и нејзините органи пред судовите, други органи и правни лица и пред странските судови и странски органи во имотно-правните спорови со странски физички или правни лица.

Функцијата на Јавното правобранителство ја врши Јавниот правобранител на Република Македонија, кој има определен број на заменици кои се именуваат за определени подрачја во државата.

На територијата на Република Македонија со Одлука на Владата на Република Македонија, утврдени се 15 подрачја на општините, во кои преку Јавниот правобранител и неговите заменици се врши јавноправобранителската функција.

Петнаесетте подрачја каде се врши јавноправобранителската функција ги покриваат, сите Основни и Апелациони судови во Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија и Уставниот суд на Република Македонија, како и органите на државната управа на целата територија на Република Македонија, кои Јавното правобранителство на Република Македонија ги застапува пред судовите, другите органи и правни и физички лица.

Со ваквата организациона поставеност, **во текот на 2006 година, Јавното правобранителство на Република Македонија има во работа и постапува во вкупно 53.704 предмети**, и тоа од сите области на правото каде е потребно преземање мерки и правни средства за заштита на имотните

права и интереси на Република Македонија, како и во остварување на другите овластувања и надлежности што Јавното правобранителство на Република Македонија ги има согласно закон.

Во Јавното правобранителство на Република Македонија работат вкупно 90 лица,од кои 26 лица се именуван кадар од Владата на Република Македонија во кои спаѓаат Јавниот правобранител на Република Македонија и 25 негови заменици.

Во Јавното правобранителство на Република Македонија, на ниво на сите подрачја, покрај Јавниот правобранител и неговите заменици, работат уште вкупно 18 советници со статус на државни службеници со положен правосуден испит. Во подрачната единица Кичево двајцата заменици Јавни правобранители работат без советници. Исто така и во Скопје двајца заменици Јавни правобранители работат без советници.

Останатите вработени, преставуваат административно технички кадар, државни службеници, како и вработени кои немаат статус на државни службеници кои ги извршуваат другите работи сврзани со непреченото функционирање на Јавното правобранителство на Република Македонија.

Сегашната кадровска екипираност не содејствува со обемот на работа што го има Јавното правобранителство на Република Македонија, особено имајќи ја предвид сложеноста и комплексноста на функцијата што ја врши и потребата од високостручни познавања на кадарот во Јавното правобранителство.

Во некои подрачја на Јавното правобранителство на Република Македонија има недостиг на административно технички кадар, а во сите подрачја евидентен е недостатокот на високо стучни кадри, дипломирани правници со положен правосуден испит, кои се потребни за поквалитетно извршување на основната функција во заштита на имотните права и интереси на државата.

Повеќе години наназад во Јавното правобранителство на Република Македонија присутен е одлив на стручен кадар, по разни основи, било да е по нивно барање, заради избор на судии, заради именување за заменици на јавниот правобранител и сл., без притоа да се пополнуваат испразнетите работни места со нови кадри со потребната стручна спрема и работно искуство.

Поради несоодветната кадровска екипираност на Јавното правобранителство на Република Македонија, потребно е итно и неодложно зголемување на бројот на замениците на Јавниот правобранител и на вработените на ниво на Јавното правобранителство на Република

Македонија во целина.

И покрај ваквата кадровска екипираност, Јавното правобранителство на Република Македонија, во текот на 2006 година, во рамките на своите надлежности и овластувања, постапуваше во вкупно 53.704 предмети и со максимална ангажираност и напор на сите вработени, обезбеди соодветна правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија.

Јавното правобранителство на Република Македонија доби на користење административен простор на 6-ти кат во зградата на Македонската радио-телевизија, со што, се лоцира на едно место, за разлика од пред тоа, кога Јавното правобранителство на Република Македонија беше сместено на две локации, една во Барака 14 во Објект бараки на Град Скопје и друга на трети кат во зградата на Апелациониот суд Скопје. Со доделениот на користење административен простор се задоволуваат просторните потреби и услови за работа на враб отените во Јавното правобранителство на Република Македонија. Имајќи ја во предвид финансиската состојба на Македонската радио телевизија и состојбата на објектот Јавното правобранителство на Република и сите оние други институции кои просторно се сместени во зградата на МРТВ имаат еден заеднички проблем, а тоа е недоволниот број на лифтови односно постоењето на само три лифта кои се користат за потребите на институциите сместени во зградата на МРТВ, од кои вообичаено активно работи само еден. Со оглед на ваквата состојба се губи во време при доаѓањето на работните места и одењето на судските застапувања. Особено е изразена недоволната безбедност на лифтовите поради што секојдневно е загрозена безбедноста на вработените кои се зозат со лифтовите при пристигнувањето на своите работни места.

## *II. АКТИВНОСТИ НА ЈАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО ВО ОСТВАРУВАЊЕ ЈАВНОПРАВОБРАНИТЕЛСКАТА ФУНЦИЈА*

Активностите и работата на Јавното правобранителство на Република Македонија во текот на 2006 година, произлегуваат од овластувањата, правата и обрските што Јавното правобранителство на Република Македонија ги има согласно Законот за јавното правобранителство, системските закони и другите законски и подзаконски прописи.

Во текот на 2006 година, Јавното правобранителство на Република Македонија зеде активно учество во процесот на реформите на правосудниот

систем, особено за делот од реформите кои се однесуваат и на Јавното правобранителство на Република Македонија.

Во текот на месец декември 2006 година од страна на Јавниот правобранител на Република Македонија до Министерството за правда беше доставена Информација и работна верзија на новиот Закон за Јавно правобранителство, со која Информација се предлага редефенирање на статусот на Јавното правобранителство, негова поголема самостојност и независност како и поголема статусна сигурност на Јавниот правобранител на РМ и неговите Заменици.

По спроведената анализа за функционирањето на Јавното правобранителство, во текот на првата половина од 2007 година ќе треба да се донесе и новиот Закон за Јавно правобранителство, со што ќе бидат надминати постојните проблеми во функционирањето на оваа институција.

Јавното правобранителство, во својата работа применува закони, законски прописи и подзаконски акти кои уредуваат правна материја од повеќе области на правото, како што се прописите од материјалното право: Законот за облигациони односи, Законот за сопственост и други стварни права, Законот за денационализација, Законот за градежно земјиште со подзаконките акти, прописите поврзани со трансформација на општествениот капитал и продажбата на државниот капитал; потоа прописи од формално правен карактер, како што се Законот за парничната постапка, Законот за извршување, Законот за општа управна постапка, Законот за стечај, Закон за нотарска дејност и други правни прописи.

Покрај надлежностите и овластувањата што ги има со законите и другите подзаконски акти, за Јавното правобрнителство на Република Македонија определена правна сила имаат и заклучоците од Владата на Република Македонија, посебно имајќи ја предвид функционалната поставеност на Јавното правобранителство на Република Македонија во правниот поредок на државата како служба на Владата на Република Македонија.

Доколку во превентивната постапка Јавното правобранителство согледа на некои неправилности или незаконитости во постапките за приватизација, тогаш се поведуваат судски постапки за поништување на договори во врска со приватизација, поништувања уписи во судски регистри и други акти кои произлегуваат од процесот на приватизацијата на општествениот и државниот капитал во претпријатијата.

И во текот на 2006 година, во работата на Јавното правобранителство на Република Македонија место завземаат предмети во врска постапката за денационализација.

Во текот на постапкта за денационализација, Јавното правобранителство на Република Македонија има овластување да ги штити имотните права и интереси на Република Македонија.

Доколку од страна на Јавното правобранителство се оцени дека во постапката за денационализација има повреда на определени имотни права и интереси на Републиката, истото презема соодветни правни мерки и поднесува правни средства за заштита на имотните права и интереси на Република Македонија.

Во сите случаеви кога Јавното правобранителство констатира повреди на имотните права и интереси на Републиката во процесот на денационализација, поднесувани се редовни правни лекови - жалби до второстепената комисија за денационализација, како и вонредни правни лекови пред органите надлежни за решавање по истите.

Јавното правобранителство на Република Македонија учествува во постапките за отуѓување на градежното изградено и неизградено земјиште, неговата приватизација согласно Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, како и за отуѓување на друга недвижност сопственост на државата.

Согласно Уредбата за начинот и постапката за отуѓување на градежно изградено земјиште сопственост на Република Македонија, отуѓувањето се врши по пат на непосредна спогодба,со склучување на договор кој во името на Република Македонија го склучува Министерот за финансии или овластено лице од него, по претходно прибавено мислење од Јавниот правобранител на Република Макеодонија.

Учеството на Јавниот правобранител, при отуѓувањето на градежното изградено земјиште и склучувањето на договорите, се состои во давањето на мислење за тоа дали постојат или не постојат правни пречки да се изврши отуѓување на градежното изградено земјиште и да се склучи договорот, при што во зависност од конкретниот случај, се дава позитивно или негативно мислење.

Учество на Јавниот правобранител има и во постапката за приватизација на градежното земјиште сопственост на Република Македонија согласно новиот Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост (Службен весник на РМ бр.4/05), каде еден примерок од решението за приватизација, било да е со надоместок или без надоместок, се доставува до Јавното правобранителство на Република Македонија, кое доколку оцени дека се повредени имотните права и интереси на Република Македонија поднесува редовни и вонредни правни лекови.

Учеството на Јавниот правобранител во постапката за отуѓување на градежното неизградено земјиште сопственост на Република Македонија, како и за отуѓување на друга недвижност сопственост на државата се заснова врз член 44-а од Законот за вршење на нотарски работи, каде е утврдено дека нотарот е должен да испита дали е прибавено мислење од јавниот правобранител, ако е во прашање потврдување на исправа врз основа на која се врши пренос на правото на сопственост, односно размена на недвижности, а како една од договорните страни се јавува Република Македонија, а другата е физичко или правно лице. Доколку за приватната исправа не е прибавено мислење од Јавниот правобранител, нотарот ќе го извести за тоа Јавниот правобранител, и ќе го одложи потврдувањето на исправата додека не биде дадено мислење, а најдоцна за 30 дена. И во оваа постапка, во зависност од конкретниот случај, Јавното правобранителство на Република Македонија дава позитивно или негативно мислење.

Во текот на 2006 година и понатаму се актуелни предметите за надомест на матријална и нематеријална штета во врска со конфликтот што се случи во Република Македонија во текот на 2001 година, а по основ на член 166 од Законот за облигациони односи, каде е утврдено дека за штета настаната од смрт, телесна повреда или оштетување односно уништување на имотот на физичко или правно лице, поради акти на насилство или терор, како и при јавни демонстрации и манифестации одговара државата.

Во споровите за надомест на материјална штета, се бара надомест за уништени куќи, подвижни ствари-покуќнини, превозни средства, земјоделски алати и механизација, добиток и сл. Во споровите за надомест на нематеријалната штета се бара паричен надомест за претрпени физички болки, за претрпени душевни болки поради намалување на животната активност и нагрденост, страв, како и за претрпени душевни болки на членовите на потесното семејство во случај на смрт или тежок инвалидитет на некое лице.

Во судските постапки по тужбите за надомест на штета по овој основ, Јавното правобранителство учествувајќи како законски застапник на Република Македонија истакнува приговори, предлага изведување на докази и презема други правни дејствија за кои е овластено. Особено во овие постапки, Јавното правобранителство на Република Македонија до судовите предлага да се изведуваат и други дополнителни докази, а не судот своите одлуки да ги заснова исклучиво само на наводите и исказите на странките, со цел да се утврди вистинската вредност на причинетата штета.Во текот на овие постапки Јавното правобранителство од судовите бара да се утврди дали за настанатата штета за која се бара надомест, постои причинско последична врска со воените дејствија што се случуваа во Република Македонија, а во смисла на член 166 од Законот за облигациони односи, затоа што ако во текот на постапката се утврди дека конкретната штета е настаната од други причини, кои имаат криминогена природа (кражби, разбојништва), а не како

последица од воениот конфликт, тогаш отпаѓа и обврската на Република Македонија таквата настаната штета да ја надомести.

И во текот на 2006 година, се правеа напори за спогодбено решавање на споровите за надомест на штета настаната од конфликт во 2001 година.

Во врска со можноста за спогодбено решавање на овие спорови, помеѓу претставници од Владата на Република Македонија, Јавното правобранителство и преставници од лицата баратели за надомест на штета се одржуваат повеќе состаноци и средби, на кои се разгледува таквата можност, со цел да се наједе едно заедничко решение за побрзо и поефикасно завршување на поведените спорови, со што би се заштедило и време и финансиски средства на државата. Впрочем и Законот за Јавното правобранителство ("Сл.весник на РМ" бр. 47/97) во членот 11 став 1 јасно е предвидено дека Јавниот правобранител пред поведувањето постапка пред суд превзема потребни дејствија заради спогодбено решавање на спорниот имотно - правен однос.

Во текот на 2006 година во организација на Јавниот правобранител на Република Македонија одржани се две Стручни советување на ниво на Јавно правобранителство на Република Македонија.

Првото Стручно советување се одржа на јуни 2006 година во хотел Десарет - Охрид, додека второто Стручно советување со одржа во Дојран на 1 и 2 декември.

Советувањата беа со едукативен карактер и организирани со цел разрешување на одредени спорни правни прашања кои се појавуват во тековното работење на Јавното правобранителство во примената на законските и други прописи, како и да се подобри соработката помеѓу Јавното правобранителство и органите на државна управа.

На стручните советувања беа опфатени повеќе теми, и тоа од областа на: приватизација и давањето под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија; стварното право и институтот одржувачка како правен основ за стекнување на право на сопственост врз недвижности сопственост на Република Македонија; практичката примена на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост, во врска со уписот на права врз недвижности во јавните книги на недвижностите за кои не постои основ за запишување, на име на Република Македонија; за примената на членот 44-а од Законот за вршење на нотарските работи, во смисла на прибавување мислење од Јавниот правобранител доколку се отуѓува, разменува или оптоварува недвижне имот сопственост на Република Македонија; примената на новиот Закон за парнична постапка, кој започна да се применува од 29.12.2005 година; трансформацијата на општествениот капитал после престанувањето на постоењето на Агенцијата на Република

Македонија за приватизација; други тековни прашања кои се појавуваат во остварувањето на јавноправобранителската функција на Јавното правобранителство на Република Македонија.

Како резултат на широката расправа на советувањета, а во врска со темите кои беа на дневниот ред, донесени се соодветни заклучоци со кои се утврдени определени активности и дејствија кои треба да се преземаат како од страна на Јавното правобранителство така и од надлежните органи и институции, завземени се определени ставови за начинот на постапување по определени правни прашања, а се со цел преку продлабочување и проширување на соработката на Јавното правобранителството со судовите, другите органи и организации и правни лица, да се разрешат сите спорни прашања кои се јавуваат во примената на правните прописи.

Одржаните стручни советувања, преку својата работа во целост успеаа, исполнувајќи ги целите, за кои истите беа организирани, поради што Јавното правобранителство и во иднина ќе организира таков вид на собири, кои имаат едукативен карактер и кои придонесуваат за разрешување на правни прашања кои се појавуват во остварувањето на основната функција на Јавното правобранителство, заштитата на имотните права и интереси на Република Македонија.

## *III. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ*

Јавниот правобранител на Република Македонија, согласно одредбата од членот 9 од Законот за Јавното правобранителство, во врска со прашања од значење на остварувањето на неговата функција и по прашања од заеднички интерес, соработува со судовите, министерствата, другите органи и правните лица.

Начелно, соработката помеѓу Јавното правобранителство на Република Македонија со судовите, Јавното обвинителство, министерствата и другите органи и организации е задоволителна, иако во определени случаеви се појавуваат одредени потешкотии, кои најчесто се резултат на релативно краткиот рок за постапување и превземање на определени правни дејствија.

Покрај редовната соработка помеѓу органите на државна управа и Јавното правобранителство на Република Македонија, која најчесто се однесува на нивно застапување од Јавното правобранителство пред надлежните судови, другите органи и правни и физички лица, Јавното правобранителство на Република Македонија на барање од органите на државна управа, дава стручни правни мислења по одредени правни прашања, правни совети и правна помош.

Јавното правобранителство на Република Македонија има соработка и со други државни органи и институции и установи, како што се Државната комисија за спречување на корупцијата, Народниот правобранител, националните установи кои се основани од Република Македонија и Јавните претпријатија. Соработката со наведените субјекти, се одвива со доставување пријави, известувања, предлози и други писмена, со цел преку размена на одредени расположиви податоци и информации, да се оствари заштитата на имотните права и интереси на Република Македонија.

Често се организираат меѓусебни заеднички средби и состаноци на преставници од Јавното правобранителство на Република Македонија и од органите на државна управа, другите институции и установи и јавни претпријатија, на кои се решаваат одредени спорни правни прашања и се договора координиран настап за разрешување на истите.

По однос на соработката со други органи и организации Јавниот правобранител на Република Македонија оствари средби со: Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот Завод за геодетски работи, Комората на извршители, Републичката управа за имотно правни работи, Биро за судски вештачења, Државниот управен инспекторат при Министерство за правда, со Централна Внатрешна Ревизија при Министерство за финансии, со државните секретари на ресорните министерства и други.

## *IV. ОБЕМ НА РАБОТЕЊЕТО ВО ТЕКОТ НА 2006 ГОДИНА*

Јавното правобранителство на Република Македонија, во периодот од 01.01.2006 год. па заклучно со 31.12.2006 год., постапувало по сите видови предмети кои спаѓаат во негова надлежност.

### *1. Парничните предмети*

Парничните предмети преставуваат најсложените предмети кои се наоѓаат во работа во Јавното правобранителство, кои временски можат да траат и подолго време и во најголема мера тоа не зависи од постапувањето на Јавното правобранителство. Јавното правобранителство во постапките по парничните предмети, застапувајќи ја Република Македонија и нејзините органи, учествува како странка во постапката, така да нема некое големо

влијание врз времетраењето на постапките и нивното завршување, односно со своето постапување може само релативно да влијае за нивно временско скратување.

Споровите кои се водат во парничните постапки каде Јавното правобранителство на Република Македонија се јавува како законски застапник на Република Македонија и нејзините органи, се по најразлични основи, од кои како најчести и позначјани можат да се споменат следните:

- спорови за утврдување на право на сопственот на недвижен имот;

- спорови за надомест на материјална и нематеријална штета, и тоа по основ на погоре наведениот член 166 од Законот за облигационите односи; заради неоправдано осудени или несновано лишени од слобода лица; заради противправно одземање на предмети во кривичната и прекршочната постапка; како и надомест на штета по други основи;

- Спорови за поништување на договори во врска со трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал и продажбата на државниот имот, поништувања уписи во судски регистри и други спорови кои произлегуваат од процесот на приватизацијата на општествениот и државниот капитал во претпријатијата;

- Спорови во врска со поништувањето на договори кои ги склучила Република Македонија, особено: договори склучени во постапките за отуѓување или давање под закуп на државен имот (градежно земјиште, земјоделско земјиште); договори склучени во постапките за јавна набавка и други договори каде како договорна странка се јавува Република Македонија илии некој нејзин орган, доколку постојат законски основи за нивно поништување;

- Спорови во врска со наплата на долгови по најразлични основи, било во случај Република Македонија или нејзин орган да се јавува во својство на доверител или должник;

## *2. Предмети по денационализација*

И во текот на 2006 година, во работата на Јавното правобранителство на Република Македонија присутни се предметите сврзани со постапката за денационализација.

Како незавршени предмети од денационализацијата, во Јавното правобранителство на Република Македонија се водат предметите кои се наоѓаат во постапката пред второстепената комисија, без разлика од кого е поднесена жалба против некое конкретно решение за денационализација. Тоа значи дека Јавното правобранителство на Република Македонија постапило по овие предмети, односно ги презело потребните правни дејства за кои е овластено и за нивно конечно решавање се чека завршувањето на жалбената постапка пред второстепената комисија за денационализација.

### *3. Управните предмети*

Работењето по управните предмети се однесуваат на покренувањето и водењето на управни постапки заради реализација на урбанистичкиот план кое се однесува за одземање од владение градежно неизградено земјиште, експропријација на недвижности и одземање или ограничување на правото на користење на недвижности во државна. Во овој вид предмети спаѓаат и решенијата кои ги донесува Републичката геодетска управа-Одделение за премер и катастар, кои се однесуваат за утврдување и запишување на содржината на недвижностите во имотните листови, како на име на физички или правни лица, така и на име на Република Македонија.

### *4. Правните мислења*

Посебен вид предмети кои се наоѓаат во работа во Јавното правобранителство преставуват давањето правни мислења кои согласно законските овластувања ги дава Јавниот правобранител на Република Македонија.

Најголем од овие предмети се однесуваат за давање мислења при отуѓување на градежно изградено земјиште сопственост на Република Македонија, како мислења дадени во согласност со погоре наведениот член 44-а од Законот за вршење на нотарски работи.

Јавното правобранителство успешно го совлада приливот на нови предмети од овој вид. Решавањето на овој вид предмети, односно времетраењето на постапката за давање на правни мислења, најмногу зависи од работењето на самото Јавно правобранителство, па со оглед на високиот процент на решеност на овие предмети може да се заклучи дека Јавното

правобранителство има висок степен на ажурност, кога неговата работа не зависи од преземање на дејствија и постапување од страна на други субјекти.

### *5. Извршни предмети*

Согласно новиот Закон за извршување во членот 2 точка 4 јасно стои дека извршувањето заради наплата на судски трошоци во прекршочните и кривичните постапки, како и на паричните казни изречени во тие постапки за почнува по барање на Јавниот правобранител на Република Македонија.

Со оваа одредба од Законот за извршување освен што се даде голема надлежност на Јавниот правобранител на Република Македонија се создаде и огромен прилив на извршни предмети (извршно кривични - "ИКР" и извршно прекршочни "ИПРК") со што уште повеќе се зголеми активноста на Јавното правобранителство на РМ, кое и покрај проблемите што ги има со недостаток на какдар ажурно и благовремено постапува по споменатите извршни предмети настојувајќи наплатените средства да се уплатат во полза на Буџетот на Република Македонија.

Во интерес на побрзата наплата и во интерес на полнењето на Буџетот на РМ Јавниот правобранител на РМ воспостави метод на постапување по овие предмети по пат на Опомени до физичките и правните лица во одреден разумен рок да си го платат долгот кон Република Македонија и до Јавното правобранителство на Република Македонија да достават доказ - копие од уплатниците. Овој метод на постапување е еден вид превенција и покана физичките и правните лица да си ги подмират долговите кон Република Македонија без притоа да се прават трошоци за конкретни постапки. Праксата покажа дека овој метод на постапување е успешен со оглед дека се поголем број граѓани па и правни лица си ги плаќаат долговите кон РМ и за истото го известуваат Јавниот правобранител.

### *6. Стечајни предмети*

Стечајната постапка е една од најсложените постапки во кои учествува Јавното правобранителство и овие постапки траат подолго време, на што се должи релативно малиот број на завршени предмети.

Јавното правобранителство како законски застапник на Република Македонија во стечајните постапки учествува како доверител во случаевите

кога по известие добиено од Управата за јавни приходи Јавното правобранителство поднесува барање за отворање на стечајна постапка, односно во отворена стечајна постапка поднесува стечајни побарувања кои ги има Република Македонија спрема стечајниот должник.

Во стечајнатата постапка пред судовите, Јавното правобранителство зема активно учество штитејќи ги имотните права и интереси на Република Македонија кога таа или нејзин орган се јавува како доверител во стечјаната маса. Во случаите кога се работи за поголемо побарување што Република Македонија го има пријавено во стечајната маса, тогаш Јавното правобранителство учествува во работата на одборот на доверители застапувајќи ја Република Македонија или нејзин орган.

Јавното правобранителство во стечајните постапки поднесува излачни тужби, во случаевите кога во стечајната маса на стечајниот должник се наоѓа имот кој е сопственост на Република Македонија. Со тие тужби Јавното правобранителство бара од судовите, конкретниот имот кој е во сопственост на Република Македонија да се одвои од стечајната маса, да не биде предмет во стечајната постапка и истиот по основ на сопственост да биде вратен на Република Македонија.

## *7. Предмети од превентивниот метод на работа*

Во постапувањето по овие предмети, Јавното правобранителство врши претходно испитување и анализирање на пристигнати поднесоци, дописи, преставки, извештаи и сл. и доколку увиди дека се повредени имотните права и интереси на Република Македонија, тогаш заради заштита на истите, поведува соодветна постапка пред надлежен орган, или превзема други дејствија за кои е овластено да ги превзема. Еден од превентивните методи на работа се и погоре споменатите Опомени до физичките и правните лица за доброволно плаќање на долговите кон Република Македонија.

## *8. Вонпарничните предмети*

Вонпарничните предмети претежно се однесуваат за определување на надомест за градежно земјиште одземено од владение, експропирани недвижности, како и предмети по физичка делба на ствари сопственост на Република Македонија.

### *9. Атхезионите предмети*

Тоа се предмети каде Јавното правобранителство постапува во определена атхезиона, придружна постапка на некоја главна постапка која се води пред судовите или друг надлежен орган.

Таква атхезиона постапка се води во кривичната постапка, каде Јавното правобранителство застапувајќи ја Република Македонија и нејзините органи, поднесува имотно правни побарувања насочени спрема обвинетите во кривичната постапка. Имајќи ги во предвид веќе започнатите истражни и кривични постапки од страна на Јавното обвинителство кои постапки се однесуваат на предметите поврзани со злоупотреба на службена положба и овластувања, коруптивни дејанија и друго истакнуваме дека во наредниот период ќе се зголемат и активностите на Јавното правобранителство на Република Македонија по однос на поднесување на имотно правни побарувања насочени кон обвинетите во кривичната постапката.

### *10. Договори*

Посебен вид на предмети се оние кои се во врска со договорите за продажба на становите во државна сопственост, во кои Јавното правобранителство после нивно проучување и анализа се цени дали таквите договори се во согласност со позитивните законски прописи, па доколку се утврди дека некои од тие договори не се во согласност со Уставот, Законот или друг позитивен пропис се преземаат потребните правни дејствија со цел да се отстранат правните недостатоци на тие договори.

### *11. Организационите предмети*

Во овој вид предмети спаѓаат предметите, по кои непосредно постапува Јавниот правобранител на Република Македонија во неговата соработка со другите органи, установи, институции, со размена на податоци и информации, со давање правни мислења, правна помош и совети, на органите кои не се застапувани од Јавното правобранителство на Република Македонија,а се корисници на средства од Буџетот на Република Македонија. (училишта, национални установи, дирекции, агенции и сл.), како и предмети

поведени по повод разни поднесоци, претставки, барања, предлози и сл. поднесени непосредно до Јавниот правобранител на Република Македонија, од страна на правни и физички лица.

Тука спаѓаат и предметите преку кои Јавниот правобранител и неговите заменици кореспондираат и соработуваат, во врска со организациони прашања во рамките на Јавното правобранителство, како и други предмети кои се однесуваат за размена на податоци и информации.

### *12. Разно*

Посебни предмети кои се наоѓаат во работа при Јавното правобранителство се предмети кои се однесуваат за постапувањето на Јавното правобранителство по повод на најразлични поднесоци, барања, известувања, предлози и сл. доставени од страна на државните органи, правните и физичките лица.

Со стапување во сила на Законот за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост ("Службен весник на РМ" бр.4/05), во Јавното правобранителство на Република Македонија започнаа да се оформуваат предмети во врска со приватизацијата, долготрајниот, времениот закуп на градежното земјиште во државна сопственост, поради што се оформени три нови деловни единици во кои се евидентираат предметите кои се однесуваат за приватизацијата и закупот на градежното земјиште во државна сопственост, и тоа:

### *13. Управни, за приватизација на градежно земјиште сопственост на Република Македонија без надомест*

Согласно член 30 од Законот за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост, од страна на органот надлежен да решава по барањата за приватизација на градежното земјиште, до Јавното правобранителство на Република Македонија се доставува решението за приватизација заедно со прилозите кон него, по што Јавното правобранителство на Република Македонија во зависност од конкретниот случај ги презема потребните мерки и правни средства за заштита на имотните права и интереси на Република Македонија, преку поднесување на редовни и вонредни правни лекови во постапката.

### *14. Управни, за приватизација на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со надомест*

Јавното правобранителство на Република Македонија и во постапката за приватизација на градежното земјиште во државна сопственост со надомест, ги има истите права и овластување како и кај постапката за приватизација без надомест, да со преземање на потребните мерки и правни средства го заштитува имотните права и интереси на Република Македонија.

### *15. Управни, за стекнување право на закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија*

Во текот на 2006 година во Јавното правобранителство на Република Македонија не е оформен ни еден предмет кој се однесува за стекнување право на долготраен или времен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, од причини што во праксата сеуште не се во примена одредбите од Законот за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост ("Службен весник на РМ" бр.4/05), кои се однесуваат на долгорочниот или времениот закуп на градежносто земјиште во државна сопственост.

- / -

Во текот на втората половина од 2006 година Јавниот правобранител на Република Македонија ги посети сите 14 Подрачни Единици и оствари средби со вработените во истите.

Во текот на ноември 2006 година Јавниот правобранител на Република Македонија присуствуваше и на Советувањето организирано од Државната Комисија за спречување на корупцијата во Струга по повод 4 годишнината од мандатот на Комисијата. На ова советување Јавниот правобранител на Република Македонија зеде активно учество во дискусиите особено во делот што се однесуваше на статусот на Јавното правобранителство на Република Македонија. На советувањето еден од заклучоците на Комисијата беше и тој дека е потребно што поитно да се донесе нов Закон за Јавно правобранителство и да се редефенира статусната состојба на овој орган.

Во 2006 година Јавното правобранителство на Република Македонија постапуваше и по предметите за неоснован притвор, неосновано осудување и незаконски престанок на работниот однос.

Во секој од овие предмети основот на тужбеното барање е неспорен, останува да се одреди висината на надоместокот по однос на штетата, што значи дека во овие предмети ресорните министерства ќе треба да обрнат повеќе внимание од причина што побарувањата се парични и можноста за одлив на средства од Буџетот се секогаш особено изразени.

Во текот на 2006 година изготвени се Годишниот план за работа, Планот со архивските знаци, како и Напатствија за постапување на подрачните единици (15) на Јавното правобранителство поврзани со начинот на архивското водење на предметите.

Во текот на октомври и ноември 2006 година Јавниот правобранител на Република Македонија активно соработуваше со претставниците на Централната Внатрешна Ревизија при Министерството за финансии и како резултат на таа соработка произлезе Извештајот на Централната Внатрешна Ревизија која иако ги детектираше и апострофираше негативностите во работењето на Јавното правобранителство на Република Македонија сепак јасно стави на знаење дека одредени состојби во овој орган одат кон позитивно и од направените грешки во изминатиот период во голем дел се исправени.

Јавниот правобранител на Република Македонија во целост ги спроведува одредбите од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, поставувајќи лица за односи со јавноста и со странките во сите 15 Подрачни Единици во кои се обавува јавно - правобранителската функција. Овој список на лица за контакт беше објавен и во дневниот печат.

Во текот на 2006 година во сите Подрачни Единици на Јавното правобранителство на Република Македонија се избрани Заменици Јавни правобранители освен во Подрачна Единица на Јавното правобранителство Кочани каде се уште нема назначено Заменик Јавен правобранител на Република Македонија за ова подрачје.

Во рамките на Барањето од Секторот за европски прашања при Владата на Република Македонија изготвен е и доставен материјал со приоритети по однос на потребите и активностите на Јавното правобранителство на Република Македонија за периодот 2007 - 2010 година.

Се воспостави електронско поврзување на подрачната единциа Скопје со ресорните министерства и со Владата на Република Македонија, но во наредниот период престанува обврската за мрежно и електронско

поврзување и на останатите 14 Подрачни Единици на Јавното правобранителство на Република Македонија.

Јавното правобранителство на Република Македонија располага само со едно службено возило старо повеќе од 20 години, а во текот на 2006 година Јавниот правобранител на Република Македонија се обрати до Владата и Службата за општи и заеднички работи со барање да се отстапи на користење службено возило поново кое би ги задоволило потребите на Јавното правобранителство на Република Македонија за безбедност и сигурност при обавувањето на јавно - правобранителската функција. Веруваме дека во наредниот период ќе се излезе во пресрет на барањето на Јавниот правобранител на Република Македонија и Службата за општи и заеднички работи при Владата на РМ ќе додели на користење возило во подобра возна состојба и со понов датум на производство за да може ефикасно да се извршува јавно - правобранителската функција во сите 15 Подрачни Единици на Јавното правобранителство низ Републиката.

Во текот на 2006 година соработката на Јавниот правобранител со судовите, другите органи и правни лица беше релативно успешна, но сметаме дека во наредниот период оваа соработка ќе се издигне на уште поголемо ниво.

Како и во текот на 2006 година така и во наредниот период Јавното правобранителство на Република Македонија, Јавниот правобранител на Република Македонија со своите заменици и советници и останатиот административен кадар како Служба на Владата на Република Македонија ќе превземе со закон определени мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и ќе врши и други работи утврдени со закон.

**ПРИЛОГ:** Сумарен преглед за движење на предметите за 2006 година за сите подрачја каде што се врши јавно - правобранителската функција.

ОК/ЛА

ЈАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОЛИВЕРА КИТАНОВА

ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД

За движење на предметите за 2006 година за сите подрачја
каде што се врши јавно - правобранителската функција

| Вид на предмети | Несвршени предмети на почетокот на месецот | Примени предмети во работа | Вкупно предмети во работа | Свршени предмети | Несвршени предмети на крајот |
|---|---|---|---|---|---|
| ПРЕВЕНТИВА-ПР | 1030 | 673 | 1703 | 617 | 1086 |
| ПАРНИЧНИ-П | 7288 | 2605 | 9893 | 3164 | 6729 |
| АТХЕЗИОНИ-А | 354 | 182 | 536 | 104 | 432 |
| ИЗВРШНИ-И | 3193 | 1019 | 4212 | 1140 | 3072 |
| ПРАВНИ МИСЛЕЊА-М | 323 | 780 | 1103 | 674 | 429 |
| ДОГОВОРИ-ДОГ | 294 | 135 | 429 | 159 | 270 |
| ОРГАНИЗАЦИОНИ-ЈП | 27 | 1827 | 1854 | 1786 | 68 |
| УПРАВНИ-У | 1640 | 3597 | 5237 | 2945 | 2292 |
| УПРАВНО ИЗВРШНИ-УИ | 89 | 41 | 130 | 26 | 104 |
| УПРАВНИ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ БЕЗ НАДОМЕСТ-УП | 484 | 6317 | 6801 | 5782 | 1019 |
| УПРАВНИ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СО НАДОМЕСТ-УН | 89 | 215 | 304 | 68 | 236 |
| УПРАВНИ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СО ЗАКУП-УЗ | / | / | / | / | / |
| ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА -ДН | 6766 | 1441 | 8207 | 1454 | 6753 |
| ВОНПАРНИЧНИ-ВП | 541 | 278 | 819 | 287 | 532 |
| РАЗНО-Р | 454 | 1108 | 1562 | 1105 | 457 |
| СТЕЧАЈНИ-СТ | 6800 | 636 | 7436 | 3119 | 4317 |
| ИЗВРШНО КРИВИЧНИ - ИКР | / | 1751 | 1751 | 82 | 1669 |
| ИЗВРШНО ПРЕКРШОЧНИ - ИПРК | / | 1727 | 1727 | 11 | 1716 |
| ВКУПНО: | 29372 | 24332 | 53704 | 22523 | 31181 |

Извештајот го изготвил:
Самостоен референт
Љупчо Маневски

ЈАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА Р.МАКЕДОНИЈА
ОЛИВЕРА КИТАНОВА